**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/12
11.12.2019 год.
СКОПЈЕ

FON
FIRST PRIVATE
UNIVERSITY

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 226**

**Скопје, 11.12.2019**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник од научната област Финансии - 50326 и Фискална економија - 50308..........3627
2. Рецензија за избор на еден наставник од научната област Маркетинг - 50325 и Друго (Деловно планирање) - 50329..........3634
3. Рецензија за избор на еден соработник од областа Финансии 50326 и Економија на трудот - 50320..........3640
4. Рецензија за избор на еден соработник од областа Општа криминалистичка теорија - 51600..........3647

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР/РЕИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБАСТА ФИНАНСИИ И ФИСКАЛНА ЕКОНОМИЈА**

Со одука на Наствно научниот совет на факултетот за економски науки при Прв Приватен Универзитет ФОН, формирана е рецензиона комисија за ибор на наставик во сите наставно научни звања од обласа на Финансиите и Фискална економија, во состав:

1. Ред. Проф. Д-р Саво Ашталкоски, претседател
2. Ред. Проф. Д-р Благоја Спирковски, член
3. Ред. Проф. Д-р Мирко Трипуноски, член

По прегледот и проучувањето на доставената документација, рецензентската комисија до Наставно Научниот совет на Факултетот за економски науки при Прв приватен универзитет ФОН , го доставува следниот :

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот, објавен од Прв приватен универзитет ФОН, во дневниот весник Нова Македонија на ден 29.10.2019 за избор на наставник во обласа Финансии (50326) и Фискална економија (50308) се пријави кандидатот Д-р Флорије Мифтари, вонреден професор при ФОН Универзитетот во Скопје.

По разгледувањето и проучувањето на поднесените документи на кандидатот Флорије Мифтари, ги изнесуваме следните констатирани податоци:

1. **Биографски податоци**

Флорије Мифтари е родена на 30 јули 1968 во Тетово. Средното образование го завршила со одличен успех во гимназијата „Кирил Пејчиновиќ„ во Тетово во учебната 1982/1986.

Во учебната 1986/1987 год. се запишала на економски факултет во Приштина, Р. Косово, како редовен студент на смерот Економика на претпријатие, студиите ги завши во септември 1990 година.

Во учебната 1999/2000, ги запишала последипомските студии на Екомоски факултет при Университетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје во смерот Монетарна економија. Во декемви 2002, ја брани магистерскиот труд со наслов: „ Финансирање на единиците на локална самоуправа во Р. Македонија„ работен под менторство на Проф. Д-р Живко Атанасовски, со што се здобила со звањето Магистер по економски науки.

Во Јануари 2009, успешно ја одбрани докторската дисертација под насов „Фискалана децентрализација и локален економски развој„ на Економскиот факултет во Приштина, Р. Косово, со што се здобила со звањето Доктор по економски науки.

2. Работно искуство

По дипломирањето во периодот 1990-1996, се вработува во приватана фирма „ Маркет Експорт„ Тетово како финансиски раководител.

Во 1996 година се вработува во општина Тетово како советник за локален економски развој.

Во периодот 2000-2009 е Раководител на Секторот за буџет, финансии и локален економски развој во Општина Тетово.

На 04.03.2010 година е избрана за доцент по предметот Финансирање на локална самоуправа на Економскиот факултет при Универзитетот ФОН во Скопје, а на 17.09.2014 година на истиот факултет е избрана за Вонреден професот во областа Финансии. Одлуката стапила на сила на 31.01.2015.

Кандидатката во својата биографија навела дека изведувала наставни активности и на други универзитети, и тоа на Државниот Универзитет во Тетово, каде го предала предметот „Финансиски систем„ и на Факултет за бизнис администрација на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, каде ги предала предметите: „Финансиски пазари и институции“; „Портфолио менаџирање со ризиците “.

Кандидатката во својата настовно-научна кариера се јавува и како ментор и член на комисии на магистерски трудови.

Учествувала на проект на Владата на Република Македонија за превод на научните звања со стручно редактирање на преведените наслови од англиски јазик на албански јазик:

- Louis Kaplow, "The Theory of taxtion and public economics";
- Beatriz Armendariz and Morduch Joathan "The Economics of Microfinance";
- Frederic S.Mishkin "Monetary policy strategy",
- Bev Dahlby, "The Marginal Cost of Public Funds "

Како резултат на учествувањето на разни проекти, тренинзи и семинари, ги поседува и следните сертификати:

- Certificate for successfully completed the Training-of –Trainers Program in Training Skills, between February 25 and May 8, 2005, sponsored by USAID , and organized by ZELS, MDW and World Learning.
- Certificate for successfully completed of Participatory Planning Training of Trainers, condacted by Partners Foundatio for Local Development –FPDL, Ohrid ,Macedonia, september 24-28. 2004.
- Certificate for participating and contributing in the Workshop " The methods and principles of accountability and transparency in local government in the financial management" held by Feruari 17 tu 21 2003, from UNDP, ADS, Ministry of Local Government.

Учество во проекти, работни групи и друго:

- Проект „Фабрика на Знаење„ организиран од Универзитетот Фон во својство на координатор на тимови.( 2010-2019)
- Член на работната група на студијата "Евидентирање и управување со општинскиот имот"- пројект на ГТЗ и ЗЕЛС.
- Во периодот август-септември 2006, мај 2007 и февруари-април 2008, во рамките на проектот „ Подршка на процесот на децентрализацијата- интегрирана техничка помош, подржано од УСАИД, држи обука на работно место за употреба на софтвер за финансиска евиденција во неколку општини во Р.Македонија.

- Во својство на обучувач на ЗЕЛС, во текот на 2005 година, држи обука за Градоначалници и Советници на општини.
- Држи предавања за студенти во општинската администрација во текот на реализацијата на практичниот дел, за процесот на буџетирање и изворите на финансирање,
- Член на Управниот одбор на ЈКП „Тетово,, во Тетово.
- Предавач во трибината „Осврт кон процесот на децентрализацијата", организирана од страна на општина Тетово на 27 јануари 2005, со тема "Фискална децентрализација или нова форма на финансиска зависност".
- Член на првата работна група за изготвување на работниот драфт за Законот за финансирање на општините во Р. Македонија.

## Објавени научни трудови од изборот за вонреден професор

1. Florije Miftari, "*Financing Local Economic Development Through the Financial Market-Situation and Perspectives in Republic of North Macedonia*", Knowledge, International Jurnal , Scientific Papers, vol.31.1 , 2019 ISSN 2545-4439 ; 1857-923X
2. Florije Miftari, "*Public investment incentive, factors of economic Groth-Case of Republic of North Macedonia, Knowledge*, International Jurnal , Scientific Papers, vol.31.1 , 2019 ISSN 2545-4439 ; 1857-923X
3. Florije Miftari "*The role of the International Monetary Fund and the World Bank in supporting public sector reform in the Western Ballkans*. Journal of Economics and Sustainable Development, Vol. No.4, 2019. DOI 10.7176 JESD www.iiste.org.
4. Besime Ziberi, Florije Miftari, " *Pabarazia në të ardhura dhe rritja Ekonomike-evidence nga Maqedonia"* Regional Journal of Social Sciences, REFORMA, Nr. 6-2018 Kdu 33-34 (05)
5. Florije Miftari "*Challengs and the Perspectives of the Development of the Capital Market in the Republkic of Macedonia* " Knowledge, International Jurnal , Scientific Papers, ( Bansko), 2017

6. Mirko Tripunoski, Florije Miftari,... "*Marketing Management design of the organizational demand in promoting competitiveness and prosperity of decomposition*" International Research Jurnal , Thesis , Volume 6, No. 3, 2017, ISSN 1848-4298.
7. Florije Miftari, "*Decentralization and Financing of Primary and Secondary Education in the Republic of Macedonia*" Knowledge, International Jurnal , Scientific Papers, vol. 17.1 , 2017 ISSN 2545-4439
8. Besime Ziberi, Florije Miftari " *The Transition Path From Education to Employment – Evidence From Macedonia*" *Knowledge,* International Journal, Scientific Papers, vol. 17.1 , 2017 ISSN 2545-4439 Skopje.
9. Florije Miftari, "*Foreign Direct Investment and Fiscal Stimulation in Ballkans: Evidence From Albania, Kosovo and Macedonia",* 16th International Scientific Conference on Economic and Social Development, 1- September 2016, Split, Croatia.

Објавени научни трудови од избор за Доцент

1. Doc. Dr. Florije Miftari , Prof dr. Mirko Tripunoski "*Market Financing of Budget Deficit- Cost and Yiel: Case of Macedonia*, the 6th International Scientific Conference "Economy and Politics", 06.06.2014 Belgrade Serbia.
2. Doc. Dr. Florije Miftari, Prof. dr. Mirko Tripunoski "*The impact of the Local Government in the rural and local development with particular emphasis on the Republic of Macedonia*", International Scientific Conference, Researching Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies REDETE 2012, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina, October 25-27, 2012.
3. Doc. Dr. Florije Miftari " *Obligacionet komunale –aplikimi I tyre në R. e Maqedonisë*, Takimi i Shtatë vjetor ndërkombëtar i Institutit Alb-Shkenca , Shkup, 29 - 31 gusht 2012.
4. Doc. Dr. Florije Miftari "*Zhvillimi i procesit të decentralizimit fiskal ne Republiken e Maqedonise*", Revista Vizione nr. 16/2011
5. "Тетово, екомоската состојба и развојот", Универзитет на јЈугиисточна Европа Тетово 2008 , група автори.

6. "Евидентирање и управување со општинскиот имот" проjект на GTZ, i ZELS, објавено во: www.yels.org.mk

Обуки и тренинзи

1. Тренинг: "Методите и принципите на одговорност и транспарентност во локалната самоуправа на финансиско управување", организирано од УНДП, Министерство за локална самоуправа, Агенција за државни службеници на Р.Македонија.
2. Тренинг: "Participatory Planning Training of Trainers", организирано од FPDL 24-28/09/2004.
3. Тренинг: Training-of- Trainers Program in Training Skills, организирано од УСАИД и ЗЕЛС, февруари-мај/2005.
4. Тренинг: Consultant Training as a part of Upgrading the Skilles of Training/ Technical Assistance Network Program, организирано од УСАИД, на 11-27/11/2005.
5. Работилница : Форум за фискална децентрализација, организирано од Local Government Reforme Project (LGRP) и Министерство за локална самоуправа, на 6-7.11/2000 .
6. Работилница: Локални финансии и меѓувладини фискални релаци во Р.Македонија, организирано од USAID, DAI и Министерство за локална самоуправа, на 22-23.10/2001.
7. Работилница: Фискална и буџетска автономија на единиците на локална самоуправа, организирано од USAID, DAI и Министерство за локална самоуправа, на 13-14.12/2001.
8. Семинар: Алатки и процедури за спроведување на Законот за Јавни набавки, организирано од LGRP, DAI, на16-18/2003.
9. Семинар: Регионалната политика и ЕУ и македонскиот контекст, организирано од Македонски центар за европско образование-Делагација на Европска Комисија, на 10-11/06/2004
10. Семинар: Меѓуопштинска соработка и управување јо јавните услуги, организирано од Агенцијата за државни службеници на Р.М., на 22-23/06/2004.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целосниот преглед на изнесените податоци согледани во приложениот материјал на кандидатот д-р Флорије Мифтари, рецензентската комисија ги донесе следните заклучоци:

1. Комисијата цени дека, кандидатот д-р Форије Мифтари во целост ги исполнува условите пропишани во Законот за високо образование, одредбите во Статутот и Правиникот за избор и реизбор на наставници на ФОН Универзитетот.

2. Членовите на рецензентската комисија, се едногласни во предлогот за избор на кандидатот д-р Флорије Мифтари за наставник во областите Финанси и Фискална Економија, бидејќи ги поседува неопходните услови за вршење на наставно-научна активност од областите согласно распишаниот конкурс. Поседува научно, стручно и педагошко искуство, учествувала и раководела со истражувачки проекти, има долгогодишно искуство во процесот на високото образование, придонела во наставно научниот процес во образованието на студентите, поседува способност за изведување на разни видови високообразовна дејност, има позитивна оценка од самоевалуацијата, и др.

3. Според тоа Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Универзитетот ФОН, да го избере кандидатот д-р Флорије Мифтари за наставник во областите Финанси и Фискална Економија, во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.

**Рецензентска комисија**

1. Ред. Проф. Д-р Саво Ашталкоски, с.р. председател

   -------------------------------------------

2. Ред. Проф. Д-р Благоја Спирковски, с.р. член

   ---------------------------------------

3. Ред. Проф. Д-р Мирко Трипуноски, с.р. член

   -----------------------------------------

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА МАРКЕТИНГ И ДРУГО (ДЕЛОВНО ПЛАНИРАЊЕ)

Врз основа на конкурсот, распишан во весникот Нова Македонија од 29.10.2019 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во областа на маркетинг 50325 и друго (деловно планирање) 50329, Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Првиот приватен универзитет - ФОН на седницата одржана на 14.11.2019 година донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав:

- Проф. д-р Мирко Трипуноски - претседател,
- Проф. д-р Ленче Петреска - член,
- Проф. д-р Ирена Ашталкоска - член.

По прегледот на доставената документација, врз основа на Законот за високо образование и Статутарните одредби на Универзитетот ФОН од Скопје, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен од Првиот приватен универзитет - ФОН во дневниот весник Нова Македонија печат од 29.10.2019 година, за избор на наставник од областа на маркетинг 50325 и друго (деловно планирање) 50329 се пријави еден кандидат и тоа: д-р Марина Кантарџиева.

Пријавата на кандидатот Марина Кантарџиева ја проучивме и по однос на истата ги изнесуваме следниве констатирани факти:

- **Библиографски податоци**

Кандидатот д-р Марина Кантарџиева е родена на 18.11.1983 год. во Охрид, Република Македонија. Средното образование го завршува во гимназијата "Св. Климент Охридски" во родниот град, насока- општествени науки.

Во учебната 2002 год. се запишува на Универзитеот Шефилд, во Солун - City Liberal Studies, Thessaloniki- Affiliated Institution of University of Sheffield, како редовен студент на одделот за бизнис администрација, на насоката маркетинг. По положување на предвидените испити, со среден успех од класа II девизија I, се стекнува со звање **дипломиран економист од областа на маркетингот**.

Во учебната 2005 год. се запишува на постдипломските студии на Универзитетот New York, каде дел од испитите ги завршува во Скопје, а дел во Прага. Во јуни 2007 год. ги завршува испитите на постдипломските студии, остварувајќи просечен успех на студирање 4,96 (B+). По положување на предвидените испити магистрира на темата „Критични фактори кои влијаат врз имплементирањето на програмите за континуирано подобрување на квалитетот (како дел од TQM) во индустријта за производство на вода во Македонија“ и се стекнува со научен степен **магистер по економски науки од областа на маркетингот**.

Во Октомври 2008 година ја пријавува својата докторска дисертација на Економскиот институт при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на тема: **"**Примена на TQM како поттикнувачки фактор за подобрување на стратегискиот менаџмент и развојот на деловните субјекти**"**.

На 16.04.2013 година Кантарџиева успешно ја одбранува докторската дисертација со што се здобива со научен степен **доктор по економски науки**.

Активно ги владее компјутерските вештини, а од странските јазици англискиот и италијанскиот јазик.

- **Професионална кариера**

- **Октомври 2005 -Октомври 2008** - Помлад асистент на Факултетот за економски науки, Прв приватен Европски Универзитет. Покрива група предмети од областа на маркетингот и менаџментот.
- **Октомври 2008- Март 2013** – Асистент на Прв приватен Универзитет ФОН. Покрива група предмети од областа на маркетингот и менаџментот.
- **Септември 2013- Септември 2014**- Доцент на Kingdom University, Kingdom of Bahrain. Покрива група предмети од областа на маркетингот.
- **Септември 2013- Септември 2014** – Раководител на катедрата на менаџмент. Обврски: планирање и организирање на курикулумот, вклученост во процесот на донесување одлуки, мониторирање на наставниот процес, поттикнување на академските истражувања и активно учество на настани од областа на менаџментот, имплементација на оперативниот план на Факултетот.
- **Декември 2017- Септември 2017** - Доцент на Arab Open University, Kingdom of Bahrain. Покрива група предмети од областа на маркетингот и менаџментот.
- **Септември 2017 – Мај 2019** – Маркетинг директор на Torque Construction, Kingdom of Bahrain. Обврски: креирање на маркетинг стратегија, промоција, планирање и учество на саеми, продажба.
- **Септември 2019 –** Заменик директор**,** Прв приватен Универзитетот ФОН**.**

Како асистент Марина Кантарџиева во периодот од 2008 до 2013 година држи настава на следните факултети на Универзитет ФОН:

- Факултет за економски науки, и

- Факултет за странски јазици.

Како асистент Марина Кантарџиева во периодот од 2008 до 2013 година ги предавала предметите:

- Основи на маркетинг,
- Меѓународен маркетинг,
- Промоција
- Менаџмент информациони системи,
- Стратегиски менаџмент.

Како доцент на Kingdom University, на додипломски студии во периодот од 2013 до 2014 година ги предавала предметите:

- Основи на маркетинг,
- Меѓународен маркетинг,
- Промоција,
- Бизнис етика,
- Маркетинг комуникации,
- Маркетинг на услужни дејности.

Како доцент на Arab Open University, на додипломски студии во 2017 година ги предавала предметите:

- Системско размислување А,
- Системско размислување Б.

Била ментор во изработка на повеќе дипломски трудови како и член на комисии за оцена и одбрана на истите.

**Кантарџиева се јавува како автор и/или коавтор на повеќе научни и стручни трудови, меѓу кои:**

**Позначајни трудови до избор за Доцент:**

"Social entrepreneurship from a quality management perspective in the process of social value creation", paper published in the Knowledge: International Journal. Vol.23 (1), pg.255-261, 2018. Available from: www.ikm.mk

"Marketing practices of small and medium sized enterprises (SMEs)", paper published in the Knowledge: International Journal. Vol.15 (2), pg.626-629, 2016. Available from: www.ikm.mk

" The impact of organizational culture on strategy and total quality management practices", paper published in the Knowledge: International Journal. Vol.12 (1), pg.53-55, 2016. Available from: www.ikm.mk

"The relationship between market orientation and organizational performance", paper published in the Knowledge: International Journal. Vol 10 (1). pg. 241-246, 2015. Available

from: www.ikm.mk.

"The relationship between total quality management and strategic management", pg.537-541. paper published in the Journal of Economics, Business and Management JOEBM, Vol.3, No. 5, ISSN: 2301-3567, Singapore,2015. Available from: www.joebm.com.

"The applicability of Six Sigma (6∑) in small and medium sized enterprises", paper published in the Knowledge: International Journal Vol.7. pg.89-94, 2014. Available from: www.ikm.mk.

"Integrating marketing and quality management", paper published in the Journal of Knowledge Vol.1, (2). pg.198-202, 2014. Available from: www.ikm.mk.

"Entrepreneurial culture and quality practice in small and medium sized enterprises (SME) in R. Macedonia" p.412-419. 3rd REDETE Conference Banja Luka, RS-BIH, April 11-12, 2014.

"Social problems, the labor market and poverty, ways of implementing measures for and solutions to the problems in the Republic of Macedonia", pg. 452-458. 2nd International conference on economic development and standard of living (EDASOL 2012), Banja Luka, October 12-13, 2012.

"Criteria in the Creation of Waste Management Concept". Vol.3 (1) *Regional and Business Studies Journal*. 2nd climate change, economic development, environment and people conference. Prešov, Slovak Republic, 12th – 13th September 2012: http://www.unipo.sk/ccedep, Alliance of Central- Eastern European Universities.

"Corporate leadership, and the dynamic functions of marketing management", paper published in the Journal of Kaposvár University, Faculty of Economic Science, 3rd International Conference of Economic Sciences Kaposvár University, – Hungary, 2011;

"Globalization of the IT industry: the search for the competitiveness drives the corporate offshore outsourcing in the IT industry", paper published in the e-Journal: International Journal of Business and Management Studies, selected papers from the annual International Conference on Business and Management - Izmir, Turkey, 2011;

"Assessment of the Service Quality in Macedonian's banking sector," Centre for Economic Analyses, Journal of Economics, vol. 6 (2), pg. 33-46. - Skopje, 2009;

"The relationship between the quality of service, customer satisfaction and their loyalty in the Macedonian catering industry", paper published in Global, academic journal of the Ohrid Institute for Economic Strategies and International Affairs, vol.3, pg.17-28. Skopje, 2009;

**Книги:**

- **Менаџмент и менаџери,** Факултет за економски науки, Европски Универзитет, Скопје, 2008.

**- Учество во конференции, професионални академски активности и стручни проекти од национален и меѓународен карактер, меѓу кои:**

2014 -WIFFMC-The World Islamic funds conference and the world Islamic financial markets, Kingdom of Bahrain.

2014 - Participation and presentation certificate for 3rd International conference on economics business and marketing management –CEBMM, Hong Kong. Paper title: *The relationship between total quality management and strategic management.*

2013 - The world Islamic banking conference, Kingdom of Bahrain.

2013 - 2nd Annual Middle East Takaful Forum "Adapting to change: Fresh thinking to boost the efficiency & scale of Islamic cooperative insurance players", Kingdom of Bahrain.

2012-2013 - "Factory of knowledge"project of FON University for raising the capacity of students to solve specific problems in the business sector, FON University, Skopje

**- д-р Марина Кантарџиева е позитивно оценувана во постапките за самоевалуација на Универзитетот.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на пристигнатите документи, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Марина Кантарџиева со својот научен и стручен придонес во континуитет придонесува за развојот и афирмацијата на науката во областа на маркетингот и друго (деловното планирање).

Д-р Марина Кантарџиева е исклучително плоден научен работник кој постигнал, досега, завидни резултати во својата работа. Од увидот во нејзината досегашна работна биографија, можевме да се увериме дека таа располага со богата стручна, научна и педагошка работа од областа за која се пријавува за што сведочи и нејзиното работно искуство на два универзитети во Република Македонија и два универзитети во Бахреин.

Комисијата цени дека кандидатот доц. д-р Марина Кантарџиева ги исполнува пропишаните законски норми за избор во наставно-научно звање, бидејќи таа го поседува потребното стручно и научно искуство што е неопходно за обавување на наставно-научната дејност од областа на маркетингот и друго (деловното планирање) согласно распишаниот конкурс.

Според тоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно Научниот совет на Факутетот за економски науки на Првиот приватен Универзитет - ФОН, да го избере кандидатот д-р Марина Кантарџиева за наставник во областа на маркетингот и друго (деловното планирање) во звањето – **ДОЦЕНТ**.

Скопје,

11.12.2019

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Мирко Трипуноски, с.р. - претседател,

Проф. д-р Ленче Петреска, с.р. - член,

Проф. д-р Ирена Ашталкоска, с.р. - член.

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК - АСИСТЕНТ ПО ЕКОНОМСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ НА ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН**

Врз основа на член 173 од Законот за високото образование (Службен весник бр 82/2018 од 08 мај 2018 година) и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања, со одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за економски науки на седницата одржана на 14.11.2019 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на соработник - асистент по економски науки, од областа на Финансии – 50326 и Економија на трудот – 50320 во следниот состав:

1. Проф. д-р Никола Поповски, претседател
2. Проф. д-р Саво Ашталкоски, член
3. Доц. д-р Лазар Арсовски, член

По разгледувањето на пристигнатите материјали, рецензентската комисија го поднесува следниот:

**Р Е Ц Е Н З И С К И  И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот конкурс објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 29.10.2019, за избор на соработник - асистент по

економски науки, од областа на Финансии – 50326 и Економија на трудот – 50320 во определениот рок се пријавија следните кандидати:

1. М-р Белма Хаџикамбер, магистер на економски науки, од Скопје.

I

Пријавата и поднесените документи на кандидатот, Комисијата детално ги проучи и по истите ги изнесува следните констатирани факти:

**1. Биографски податоци на м-р Белма Хаџикамбер**

Кандидатката Белма Хаџикамбер е родена на 12.12.1985 година во Скопје. Додипломските студии ги завршува на Универзитетот Св.Кирил и Методиј, на Економскиот факултет во Скопје со просек од 8,00. По успешна одбрана на дипломскиот труд во јуни 2009 се стекна со степенот и стручниот назив Дипломиран економист на департманот надворешна трговија. Магистерските студии ги завршува на ФОН Универзитетот, на Економскиот факултет со просек од 9,43. Во април 2015 година по успешна одбрана на магистерскиот труд "Пазарот на труд на Република Македонија-состојби и перспективи" се стекна со стручен назив Магистер на економски науки од областа на банкарски менаџмент.

Кандидатката поседува работно искуство од јануари 2012 година до јуни 2014 година во Собранието на Република Македонија како советник на пратеничката група на ПЕИ и СЛ. Во текот на септември и октомври 2014 година е ангажирана како тренер за човекови и малцински права од ОБСЕ мисијата во Скопје. Во јуни и јули 2015 работи како проектен асистент на проектот "Подобрување на капацитетите на малцинските заедници при конкурирање за јавни функции" во невладината организација центар за управување со промени. Од октомври до декември 2015 работи како административен асистент во Цвет Компани. Во текот на периодот од февруари 2016 - декември 2016 е на пракса на ФОН Универзитетот во рамките на Факултетот за економски науки. Со одлука на ННС во декември 2016 е

избрана за соработник – асистент во полето на економските науки каде што работи до денешен ден.

Во 2018-2019 година е запишана на трет циклус на студии – докторски студии на Економскиот факултет при УКИМ, на студиската програма Економски науки.

Кандидатката има приложено повеќе сертификати за познавање на англискиот јазик (Училиште за странски јазици Интеркултура – Preparation for Business English Certificate (Vantage) 2016; Јазично студио Глобус- Profile 3 Upper-Intermediate B, 2010; Училиште за странски јазици Интеркултура –Business English – Upper Intermediate Certificate, 2014; Јазично студио Глобус – VIII степен English File Upper Int. – B, 2005).

Во приложената документација кандидатката ги доставила и копиите од следните објавени трудови:

-М-р Белма Хаџикамбер, Доц.Д-р Сејдефа Џафче, Пазар на труд на Република Македонија-состојби и перспективи, Меѓународно списание за општествени науки "Визионе" Скопје, Број 26, август 2016 година

-Доц.Д-р Сејдефа Џафче, М-р Белма Хаџикамбер, М-р Билгаип Мазникар, Даночно- правниот однос во македонскиот правен систем, Меѓународно списание за општествени науки "Визионе" Скопје, Број 26, август 2016 година.

- Доц.Д-р Сејдефа Џафче, проф. др. Темелко Ристески; М-р Белма Хаџикамбер: "The Rights of Shareholders in the Process of Large Makes, Меѓународно списание за општествени науки "Визионе" Скопје, Број 28, јули 2017 година.

Во однос на познавање на странски јазици согласно приложената документација кандидатката има одлично познавање на англиски јазик. Своето познавање го докажува со сертфикатите за завршени 8 степени посебно на општ и стручен бизнис англиски. Има основни познавања на турскиот јазик. Во однос пак на компјутерските способности поседува знаења за Microsoft Office (Microsoft Excel, Microsoft Word, Microsoft Access, Microsoft Project, Power Point) и интернет.

Кандидатката Белма Хаџикамбер учествувала на повеќе семинари, обуки и конференции во земјата и надвор од неа. Меѓу позначајните што се наведени во нејзиното CV се следниве:

-Сертификат за учество на циклус Обуки за работни вештини организирани од МОФ, Октомври- Декември 2010 – Скопје.

-Сертификат за учество на IPA-TAP Project - Technical Assistance to Parliament- Key EU Acquis Chapters- Regional policy & development; Competition Policy, Company Law & Public Procurement, July 2012- Skopje.

-Сертификат за успешно завршен циклус на Школата за јавни политики Мајка Тереза организирана од Совет на Европа и учество на вториот Светски форум за демократија од Совет на Европа одржан во Стразбург од 23-29 Ноември 2013.

-Сертификат за успешно завршување на Шестата политичка академија за социјална демократија, Април- Ноември 2013.

-Сертификат за успешно учество на Обука за обучувачи за човекови и малцински права, Мај 2014- Берово.

-Тркалезна маса- Отвореност и Слобода- Европска Македонија, организирано од Клуб Alpbach Македонија во соработка со Австриска Амбасада во Македонија и Институт за политички и интернационални студии, Декември 2013- Скопје.

-Интернационална конференција: Балканот после 100 години од Првата Светска Војна, организирана од Клуб Alpbach Македонија во соработка со Институтот за политички и интернационални студии, Јуни 2014- Скопје.

-Регионална конференција: Безбедноста во 21-от век, организирана од Клуб Alpbach Албанија, Февруари 2015- Тирана.

-Интернационална конференција организирана од Европскиот форум Alpbach на тема InEquality- Август 2015- Alpbach, Австрија.

-Интернационална конференција организирана од Европскиот форум Alpbach на тема New Enlightenment - Август 2016- Alpbach, Австрија.

Кандидатката м-р Белма Хаџикамбер навела и дека има учество во следните проекти:

-"Австриско- Македонски денови 2014"- три дневен проект во Скопје составен од две панел дискусии: "Македонската правна рамка и Австриски инвестиции" и "Австриско- Македонско пријателство кон добивање датум за преговори" организиран од Австриската Амбасада во Скопје и Club Alpbach Macedonia, Октомври 2014.

-"Австриско- Македонски денови 2015"- три дневен проект во Скопје составен од две панел дискусии: "Улогата на младите кон правење на подобра Европа" и "Од образование до започнување на кариера: пренос на добри претприемачки практики од Австрија во Македонија", организиран од Австриската Амбасада во Скопје и Club Alpbach Macedonia, Октомври 2015.

-Учество во проект за мобилност "Наставни методи во интеркултурни мешани области", поддржан од Erasmus + програма на Европска Комисија, Октомври 2016, Прага.

-Активно учество како модератор во дводневен проект во Скопје, "Австриско- Македонски денови" составен од една панел дискусија: "Конфликт и соработка, како иновацијата и технологијата се појавуваат во ерата на дигитализација", организиран од Австриската Амбасада во Скопје и Club Alpbach Macedonia, Ноември 2017.

-Тренер на проект, "Кариерно советување во младинска работа", поддржан од Erasmus + програма на Европска Комисија, Lucky Punch Jugendhilhe, Јули 2019, Крушевац.

## II

## Вреднување на критериумите за избор

Комисијата, врз основа на биографските податоци, работното искуство, оценка на научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатот кои се од важност за утврдување на условите за избор во звање, констатира дека кандидатката м-р Белма Хаџикамбер ги исполнува условите за избор во соработничко звање – асистент според конкурсот распишан од Првиот приватен Универзитет ФОН, а согласно Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања на ФОН Универзитетот.

Кандидатката м-р Белма Хаџикамбер има неколку годишно работно искуство стекнато преку работен однос во: високото образование како соработник – асистент, но и во државната администрација, невладиниот сектор, приватниот сектор и меѓународни организации. Искуството како асистент на Факултетот за економски науки при ФОН универзитетот заедно со претходното различно работно искуство и овозможи да ги надополни своите теориски и практични знаења во неколку области од економијата (на македонски и англиски јазик) и да ги усоврши своите наставни вештини. Својата академска определба таа постојано ја надградува вложувајќи во себе како учесник на многубројни национални и интернационални конференции, семинари, обуки, проекти со што ги проширува своите знаења од домашната и меѓународната економија.

## III

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, а со оглед дека се исполнети условите предвидени со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно - научни, наставно -стручни и соработнички звања на ФОН Универзитетот, членовите на

Рецензентската комисија имаат чест и задоволство на Наставно научниот совет на Факултетот за економски науки при ФОН Универзитетот да му предложат да го **усвои позитивниот рецензиски извештај и да ја избере кандидатката м-р Белма Хаџикамбер во соработничко звање асистент од научното поле на економските науки во областа на Финансии – 50326 и Економија на трудот – 50320.**

**Рецензентска комисија**

1.Проф. д-р Никола Поповски, с.р. претседател

_______________________________

2. Проф. д-р Саво Ашталкоски, с.р. член

_______________________________

3. Доц. д-р Лазар Арсовски, с.р. член

_______________________________

**Скопје, 04.12.2019**

**РЕФЕРАТ**

**За избор на соработник, во соработничко звање асистент, од областа на Општа криминалистичка теорија – 51600 на Факултетот за детективи и безбедност на Прв приватен универзитет – ФОН.**

Согласно одлуката од 20.11.2019 година на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет – ФОН од Скопје, формирана е рецензиона комисија за избор на соработник, во соработничко звање асистент, од областа Општа криминалистичка теорија – 51600, во следниов состав:

1. Проф. Д-р Методија Ангелески – претседател
2. Проф. Д-р Насер Етеми – член
3. Проф. Д-р Митасин Беќири – член

По разгледување на пристигнатите материјали, врз основа на Законот за високо образование и Статутарни одредби на Прв Приватен Универзитет ФОН - Скопје, рецензионата комисија го поднесува следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

На конкурсот објавен во дневниот печат "Нова Македонија" на 29.10.2019 година за избор/реизбор во соработничко звање Општа криминалистичка теорија – 51600 и вработување на Прв приватен универзитет – ФОН, распишан согласно член 172 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) кој гласи "", во предвидениот рок се пријави кандидатот:

1. **М-р Емилија Манасиева**

**Биографски податоци**

Кандидатката м-р Емилија Манасиева е родена на 05.04.1995 година во Кичево. Основното образование го завршува во ОУ "Д-р Владимир Полежиноски" во Кичево. Средното образование го завршува во 2013 година во ОСУ "Мирко Милески" во Кичево. Дипломира на Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет – ФОН, во Скопје, со просек 9.71 на тема "Злоупотреба на овластувањата на полицијата при употреба на физичка сила во Република Македонија" во 2016 година, а магистрира на

Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет – ФОН, во Скопје, со просек 9.5 со теза на тема "Антитерористички активности на службите за безбедност во Република Македонија " во 2019 година, стекнувајќи се стручен назив Магистер по Безбедносни науки.

**Заклучок и предлог**

Рецезентската комисија разгледувајќи ја документацијата пристапи кон вреднување на кандидатот преку критериумите за избор предвдени во Законот за високо образование чл.170 (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања (член 14) на ФОН Универзитетот.

Врз основа на биографските податоци, оценка на научните, и други остварувања на кандидатот кои се од важност за утврдување на условите за избор во соработничко звање, познавањето на англискиот јазик, како и искуството како демонстратор по предметите кои ја изучуваат криминалистиката, Рецезентската комисија констатира дека кандидатот **м-р Емилија Манасиева**, ги исполнува условите за избор во соработничко звање асистент од областа на Општа криминалистичка теорија според конкурсот распишан од Првиот приватен универзитет ФОН.

Врз основа на комисискиот увид и анализа во приложената документација за кандидатот кој се пријави на конкурсот, а во врска со неговите покажани резултати Комисијата одлучи дека кандидатот **м-р Емилија Манасиева** ги исполнува условите поради неколку причини: има висока просечна оценка на додипломските студии (9,71) како и на последипломските студии (9,5) и била вклучена во наставата како демонстратор по предметите Вовед во криминалистика, Криминалистичка тактика 2 и Криминалистичка техника на Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет – ФОН каде ги докажала своите знаења од областа на општата криминалистичка теорија.

Врз основа на претходно изнесеното, а со оглед дека се исполнети условите предвидени со Законот за високо образование чл.170 (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно -

научни, наставно - стручни и соработнички звања на ФОН Универзитетот (чл.14), како членови на Рецезентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност при Прввиот Приватен Универзитет Фон – Скопје, кандидатот **м-р Емилија Манасиева** да биде избран во соработничко звање - асистент од областа на Општа криминалистичка теорија – 51600**.**

Скопје, декември 2019 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. Д-р Методија Ангелески, с.р. – претседател

____________________________

Проф. Д-р Насер Етеми, с.р. – член

____________________________

Проф. Д-р Митасин Беќири, с.р. – член

____________________________